Друштво за туризам, угостителство
рекреација и спорт
ЕСМ МОЛИКА ДООЕЛ
БР. 05-392/3
29.02 2024 год.
Битола

ЕСМ МОЛИКА

Друштво за Туризам,угостителство,рекреација и спорт
ЕСМ Молика ДООЕЛ Битола

Покана за прибирање на понуди

За набавка на осигурување на имот, каско, и вработени за потребите на ЕСМ Молика Дооел Битола
(05-392/3 од 29.02.2024)

Друштво за туризам, угостителство, рекреација и спорт * ЕСМ МОЛИКА

Февруари 2024

Почитувани,

Управителот на Друштвото за туризам угостителстворекреација и спорт „ ЕСМ МОЛИКА“ ДООЕЛ Битола, со адреса наул. НационаленПарк Пелистер66.7000Битола, телефон за контакт 047/229-406 факсброј: 047/229-048,електронска адреса: esmmolika@elem.com.mk,има потреба од набавка на:

„Осигурување на имот, каскои вработени“ и тоа подетално:

1. **Осигурување од пожар и некои други опасности на градежен објект Хотел Молика, опрема, залиха и пари во сеф**
2. **Провална кражба и разбојништво**
3. **Кршење на стакло**
4. **Колективно осигурување на вработени од незгода**
5. **Колективно осигурување на вработени од смрт од болест**
6. **Осигурување на патници на жичара**
7. **Осигурување на гости во сместувачки капацитети од незгода**
8. **Каско осигурување на Ратрак**

За таа цел,ЕСМ МОЛИКА ДООЕЛ БИТОЛА(во понатамошниоттекст-Набавувач)спроведува постапка за доделување на договор за горенаведената набавка,со Оглас кој е поставен во делот„Набавки„на страницата www.hotelmolika.com.mk, врз основа на член 23 од Изјавата за основање на Друштвото за туризам , угостителство ,рекреација и спорт ЕСМ МОЛИКА ДООЕЛ БИТОЛА,Правилникот за спроведување на интерни процедури за набавки на стоки,услугии работи во ЕСМ МОЛИКА ДООЕЛ БИТОЛА.

Ве молиме да ни ја доставите Вашата понуда за горенаведениот предмет за Договор за набавка, најдоцна до 07.03.2024 година до 14 часот (по локално време) по пошта нагорната адреса или лично соподнесување во архивата на ЕСМ МОЛИКА ДООЕЛ БИТОЛА.

Во оваа постапка Договорниот орган ќе користи надворешно стручно лице Осигурително брокерско друштво СН ОСИГУРИТЕЛЕН БРОКЕР АД Битола и за неговиот ангажман е предвиден надоместок во бруто износ од 25%. Надворешното стручно лице нема никакво право на надомест од страна на Договорниот орган и истиот претставува законска обврска која ја сноси Економскиот оператор. Лице за контакт Зоран Пејчиновски, телефон за контакт 077 710 200, електронска адреса:

zoran.pejcinovski@snbroker.mk

Со ова Ве информираме дека Поканата за прибирање на понуди ги содржи сите информации кои ќе Ви помогнат за изработка на понудата,и истата може да ја преземете во делот за Набавки од страницата www.hotelmolika.com.mk да ја добиете по електронски пат или лично да ја подигнете во просториите на ЕСМ МОЛИКА ДООЕЛ Битола

Поканата се состои од следните делови:

- Инструкции за понудувачите
- техничкиспецификации
- образец на понудата
- изјава со која понудувачот потврдува дека ги исполнува критериумите за утврдување на личната и професионалната состојба

Однапред Ви благодариме на соработката.

Место

Место ,Битола ,
29.02.2024 година

Одговорно лице
Вељановски Миле

Инструкции за понудувачите

Корисник на стоките и услугите (во понатамошниот текст „Набавувач“)

НабавувачотнаУслугиеДруштвотозаТуризамУгостителствоРекреацијаиСпорт„ЕС ММОЛИКАДООЕЛБитола.
АдресаНационаленПаркПелистер*бр.66*Битола110ПоштенскиФах
Телефонизаконтакт047229-406:075725495електронска адреса **hmolika@t-home.mk**
Контактлице: Рената Горгиевска моб.телефон 070/460220

Предмет на договорот за набавка

2.1.Предмет на договорот за набавка е набавка на:

Осигурување на имот, каско, одговорност и вработени е деллив на два дела:

Дел 1:

1. **Осигурување од пожар и некои други опасности на градежен објект Хотел Молика, опрема, залиха и пари во сеф**
2. **Провална кражба и разбојништво**
3. **Кршење на стакло**
4. **Колективно осигурување на вработени од незгода**
5. **Осигурување на патници на жичара**
6. **Осигурување на гости во сместувачки капацитети од незгода**
7. **Каско осигурување на Ратрак**

Дел 2:

1. Колективно осигурување на вработени од ризикот смрт од болест

Предмет на договорот за набавка е набавка на услуги за Осигурување на имот, каско, и вработени согласно Годишниот план за набавки за 2024 година на Друштвото за туризам,угостителство,рекреација и спорт ЕСМ МОЛИКА ДООЕЛ БИТОЛА.

Предметот на договорот е делив на два дела какошто е дефинирано во техничката спецификација.

Начин на извршување на работите

Носителот на набавката е должен предметот на набавката да го реализира согласно Техничката спецификација на следниов начин:
По доставување на пријава за штета од страна на овластено лице од Договорниот орган, осигурувачот е должен во рок од 15 (петнаесет) дена да пристапи кон утврдување и проценка на штета, а во рок од 14 дена по ликвидација на штетата да изврши исплата на сумата за утврдената штета, согласно договорот и прифатената понуда.

3.7.2 Обемот на покритие на осигурувањето ќе биде состојбата на денот на потпишување на договорот меѓу двете договорни страни.
3.7.3 Носителот на набавката е должен да започне со вршење на услугата која е предмет на договорот веднаш по неговото склучување.
3.7.4 Секоја понуда која содржи начин на извршување поинаков од утврденото во оваа точка ќе се смета за неприфатлива и како таква ќе биде одбиена од страна на комисијата за јавни набавки

Разлики во цена(корекција на цени)
4.1. Не се предвидува корекција на цените, односно цените искажани во понудата на најповолниот понудувач ќе бидат фиксни за целото времетраење на Договорот за набавка.
Рок на испорака

Носителот на набавка се обврзува дека ќе ги изврши обврските од член 1 од овој Договор согласно Законот за супервизија на осигурувањето, Законот за задолжително осигурување во сообраќајот и Општите и посебните услови за осигурување за секоја пооделна класа на осигурување донесени од страна на Носителот на набавка.
Носителот на набавката е должен да ја исполни својата обврска од Договорот, во разумен рок.

Начин на плаќање

Начинот на плаќање е вирмански,од денот на пристигнувањето на фактурата врз основа на потпишани и заверени Договори.
Плаќањето на работите кои се предмет на овој Договор, ќе се врши вирмански одложено во рок од 30дена по достава на фактура.

Право на учество

Право да достави понуда има секое заинтересирано домашно правно лице-Понудувач,кое е регистрирано за вршење на дејноста поврзана со предметот на договорот за набавка.
Критериуми за утврдување на способност на понудувачите

За да учествуваат во постапката за доделување на Договор, понудувачите мора да ги исполнуваат следниве критериуми за утврдување на нивната способност:

1 Како документи дека не постојат причини за исклучување од постапката,согласно член 88 од ЗЈН, договорниот орган ги прифаќа следниве документи:

а) (член 88 став 1 од ЗЈН) изјава на економскиот оператор или единствен документ за докажување на способноста;
б) (член 88 став 2 од ЗЈН), потврда издадена од надлежен орган во Република Северна Македонија или од друга земја во која е регистриран економскиот оператор или единствен документ за докажување на способноста;
в) (член 88 став 3 од ЗЈН), извод од листата на негативни референци која договорниот орган ја обезбедува од ЕСЈН.

9.3.2 Ако земјата во која е регистриран економскиот оператор не ги издава документите од точка 10.3.1 од оваа ТД (од ставот (4) на член 95 од ЗЈН), или ако тие не ги опфаќаат сите случаи од членот 88 на ЗЈН, договорниот орган прифаќа изјава што економскиот оператор ја заверува кај надлежен орган (нотар или сл.) во која ќе појасни кои документи не се издаваат, кои евентуално документи се издаваат како замена на бараните, и истите ќе ги достави.

9.3.3 Документите од членот точките 10.2.1 и 10.2.2 (член 88 ставови 1 и 2 од ЗЈН) не смее да бидат постари од шест месеци од крајниот рок за поднесување понуди или пријави за учество.
Во случај на група економски оператори, сите членови на групата поединечно ја докажуваат својата способност за неисклучување од постапката.

9.3.4 Доколку економскиот оператор или групата економски оператори користи подизведувач при извршувањето на договорот за јавна набавка, доставува документација за утврдување способност за неисклучување од постапката, за секој од предложените подизведувачи.

9.3.5 Договорниот орган задржува право, дополнително да ја провери веродостојноста на доставените документи

Способност за вршење на професионална дејност

Понудувачот задолжително треба да ги исполнува следните услови за вршеење на професионална дејност:
Услови:

- економскиот оператор да е регистриран како физичко или правно лице за вршење на дејноста поврзана со предметот на набавка.

Докази:
Како доказ за исполнување на условите за професионална способност економскиот оператор задолжително доставува:

- документ за регистрирана дејност – Тековна состојба од Централен регистар и

- дозвола за вршење на работи од осигурување во соодветната класа на осигурување која е предмет на јавната набавкаод Агенција за супервизија во осигурувањето.

Начин на докажување на способноста на понудувачот

Комисијата за набавки,доколку процени дека е неопходно да ја процени способноста на понудувачот,го задржува правото да побара информации директно однадлежните органи кои ги издале документите за утврдување на личната и професионалната состојба.

Понудувачот за докажување на својата лична и професионална состојба поднесува изјава дека ги исполнува предвидените критериуми за утврдување на личната и професионалната состојба,која е дадена во прилог на оваа Покана за прибирање напонуди.Комисијата ќе побара само од понудувачот чија понуда ја утврдила за

најповолна да ги достави потребните документи за утврдување на неговата лична состојба.

Набавувачот го задржува правото да обезбеди проверка на професионалната способност на изведувачот или производствените капацитети на понудувачите.

9.3 Комисијата за набавки во текот на спроведувањето на постапката за евалуација има право да ги посети или да побара дополнителни информации од понудувачите со намера да ја утврди нивната способност за вршење напрофесионална дејност.

10 Појаснување, изменување и дополнување на условите во Поканата за прибирање на понуди

10.01 Носителот на набавката може да побара појаснување на Поканата или Техничките спецификации од Набавувачот по телефон,во електронска форма или во писмена форма,најдоцна до3(три)дена пред крајниот рок за поднесување понудите.
10.2.Појаснувањето Набавувачот ќе го достави до сите понудувачи што добиле или подигнале Покана за прибирање на понуди,без притоа да се идентификува понудувачот штопобарал појаснувањето.
10.3. Набавувачот може по потреба да ја измени или дополни Поканата за предметот на набавка,најдоцнадо3(три)дена пред денот на завршување накрајниот рок за поднесување на понуди и навреме да ги информира понудувачите за промените.
10.4Доколку смета дека има потреба Понудувачот може да побара посета на хотелМолика и увид во целокупната документација со претходна координација со**Набавувачот.**

11 Изготвување и поднесување на понудите
11.1. Начин на изготвување на понудата

Понудата се изготвува во согласност со условите предвидени во Поканата за Прибирање на понуди,со користење на обрасците дадени во прилог.

Понудувачот освен техничката спецификација која е составен дел на Поканата за прибирање на понуди ,може дополнително да достави своја форма на понудени позиции до колку некои од позициите не се ставени во техничките спецификации.

Комисијата може да ја земе во предвид до полнетата техничка спецификација доколку смета дека има потреба за набавка на таквите позиции или истата да ја отфрли.

Елементи на понудата

Понудата треба да е составена од следниве елементи и според следниов редослед:
Информации за понудувачот;
Техничка понуда;
Финансиска Понуда;
Рок за испорака;

Изјава со која понудувачот потврдува дека ги и сполнува критериумите за утврдување на личната и професионалната состојба.

Цена и Период на важност на понудата

Понудувачот во листата на цени и рокови на испоракаја внесува цената.
Понудената цена треба да ги вклучува сите трошоци и попусти на понудувачот и да биде искажана без данок на додадена вредност кој се искажува посебно.
Цената напонудата се пишува соброjки и букви.
Доколку одделна понуда содржи невообичаено ниска цена која е значително пониска од реалната пазарна цена што предизвикува сомнеж дека Договорот ќе биде извршен,набавувачот од понудувачот бара во писмена форма и пред одбивање напонудата,детали околу понудата за кои смета дека се важни и ги проверува доказите што биле доставени за оправдување на цената на понудата.Ако понудувачот не успее да објасни во писмена форма, кои се причините за таквата цена во рок од 3 (три) дена од датумот на поднесување на барањето, или пак ако Комисијата не ги прифати неговите причини,понудата ќе биде отфрлена.
Цената на понудата се изразува во денари.
Периодот на важност на понудата ќе изнесува 90 дена од денот утврден како краен рок за поднесување на понудите, за чие времетраење понудата во сите нејзини елементи е обврзувачка за понудувачот.

Краен рок и место за поднесување на понудите

Краен рок за поднесување на понудите е07.03.2024годинаво14:00часот.Понудите кои ќе пристигнат по наведениот краен рок ќе се сметаат за задоцнети и нема да бидат земени предвид во натамошната евалуација.
Понудите се поднесуваат во архивата на Дирекцијата на ЕСММОЛИКАДООЕЛ БИТОЛА или по пошта со потврда за поштенска пратка на истата адреса и поштенски
фах.

Евалуација на понудите

13.1Комисијата за набавки ќе пристапи кон отварање на понудите доколку е пристигната и само една понуда.

Критериум за доделување на Договорот

Критериуми за доделувањена Договорот за набавка е најниска цена. За носителна набавката ке биде избран оној економски оператор кој ке понуди најниска цена, чија понуда претходно е оценета како прифатлива понуда врз основа на исполнувањето на условите за личната состојба на понудувачот и способноста за вршење на професионална дејност.

Прифатлива понуда е понуда која е поднесена во утврдениот рок и за која е утврдено дека во потполност ги исполнува сите барања од поканата за прибирање на понуди и техничките спецификации и одговара на сите критериуми,условите и евентуалните барања за способноста на понудувачите.

Прифатливата понуда покрај најниска цена како основен критериум за доделување на договор,мора да ги задоволи и обезбеди потребниот степен на квалитет на услугите и навремената испорака во однос на предметот на набавка за потребите на ЕСМ МОЛИКА ДООЕЛ БИТОЛА.
Заради евалуација цената на понудата ке се пресметува како цена без ДДВ, при што најмногу бодови ке добие понудата која има најниска понудена цена.
Понудувачот е должен да достави информација за изземањето на обврската и пресметувањето за ДДВ за изведувањена работите од ваков вид согласно член 32А.

Доделување на договорот за набавка

Корисникот на услугата за набавка — Набавувачотна услуги,по спроведената евалуација на понудите ,како последна фаза во постапката за Покана за прибирање на понуди,Договорот му го доделува на понудувачот чија понуда има најниска понудена цена и ги исполнува условите за прифатлива понуда.

Известување за доделување на договорот за набавка

По завршувањето на изборот на носителот на набавката, Комисијата за набавки е должна да достави Известување до сите учесници во постапката за изборот на најповолната понуда најдоцна во рок од 5 (пет) дена од донесувањето на одлуката за избор на најповолна понуда.

Завршување на постапката за доделување на договор за набавка

Постапката за доделување на договор за набавка завршува на денот на потпишување на договорот за набавка од двете договорни страни или со поништување на постапката.

КОМИСИЈА ЗА НАБАВКИ

Прилог 1-Образец на понуда

Врз основа на Поканата за прибирање на Понуди со број05-392/3 од 29.02.2024 година објавен од страна на Друштвотоза туризам,угостителство, рекреацијаи спорт ЕСМ МОЛИКА ДООЕЛ БИТОЛА , за доделуваіье на договор за набавка на услуги за осигурување на имот, каско, одговрност и незгода за потребите на Друштвото за туризам,угостителство, рекреација и спорт ЕСМ МОЛИКА ДООЕЛ Битола , со спроведување на постапка со Покана за прибирање на понуди,ја поднесуваме следнава:

ПОНУДА

Делl-**Информациизапонудувачот**

1.1.Именапонудувачот:
1.2.Контактинформации:
— **Адреса:**
— **Телефон:**
— **Факс:**
Е-пошта:
— **Лицезаконтакт:**
I.3.Одговорно лице:
I.4.Даночен број:
I.S.Матичен број:

ДелII—Техничка понуда

Согласни сме да ги прифатиме условите,начинот и рокот на испорака утврдени во тендерската документација

ДелIII—Финансиска понуда

Финансиската понуда со комплетната спецификација на понудените цени/по делови е е доставена во прилог наПонудата.

Цената на нашата понуда,вклучувајќи ги ситетрошоци и попусти,безДДВ,изнесува денари,односно со ДДВ, изнесува

Нашата понуда важи за периодот утврден воПоканата за прибирање на понуди и се согласуваме со условите и начинот на планирање утврден во неа.

Дел IV—Рок на испорака

Место и датум

Одговорно лице

Техничка спецификација

Дел 1

1. Осигурување од пожар и некои други опасности

Р.бр	Предмет на осигурување	Сума на осигурување	Премија
1.	Градежен објект од масивна градба Хотел Молика со П= 5000 м2 на 5 катови, на сума на осигурување	153.750.000,00	
2.	Опрема во Хотел Молика според сметководствена евиденција на сума на осигурување	301.474.880,00	
3.	Залиха на флотантна основа во Хотел Молика	5.826.338,00	
4.	Готови пари во заклучен сеф на сума на осигурување	300.000,00	

Под пожар и некои други опасности се опфатени ризиците: Пожар, удар од гром, експлозија, луња, град, излевање на вода од водоводна и канализациона инсталација, паѓање на воздушно летало, удар од сопствено моторно возило во градежен објект, манифестации и демонстрации.

2. Провална кражба и разбојништво без франшиза

Р.бр	Предмет на осигурување	Сума на осигурување	Премија
1.	Пари во заклучена каса во хотел Молика	300.000,00	
2.	Пренос на пари со ризик разбојништво и сообраќајна незгода од Хотел Молика до банка на сума на осигурување	300.000,00	

Со овај ризик се дава осигурителна заштита од ризикот извршување или обид на провална кражба и разбојништво , како и вандализам во текот на извршување на провалната кражба,
Со овај ризик се покриени штети од штети од уништување или оштетување на осигуренит ествари, како и штети предизвикани со оштетување на градежни делови на простории, инсталации и опрема (ѕидови, тавани, врати , стакла, брави и сл.) во кои се наоѓаат осигурените предмети при извршување или обид на провална кражби, односно разбојништво и тоа во висина на трошоците за поправка.

3. Кршење на стакло

Р.бр	Предмет на осигурување	Сума на осигурување	Премија
1.	Прозорско стакло (термопан) во хотел Молика со површина од 150 м2 со дебелина 6 мм на прв ризик	866.239,00	

Со ова осигурување се дава осигурителна заштита од уништување или оштетување на осигурените ствари поради остварување на било која од опасностите (ризиците) на кои се изложени осигурените ставри.

4. Колективно осигурување на вработени од незгода
Број на вработени - 122

Р.бр	Предмет на осигурување	Сума на осигурување
1.	Траен инвалидитет	800.000,00
2.	Смрт од незгода	400.000,00
3.	Трошоци за лекување	50.000,00
4.	Трошоци за дневен надомест	70 денари на ден
	Месечна премија по вработен за сите ризици	

Колективно осигурување од последици на несреќен случајпокрива осигурување од несреќен случај на кој осигуреното лице е изложено, на работно место, на пат до работа и до дома како и во слободно време, при патување, во текот на 24 часа, временски и просторно неограничено.
Напомена: Со договорот за колективно осигурување на работниците во претпријатието можат да се осигураат и брачните другари кои не се постари од 70 години и децата на осигурениците со наполнети 14 години кои живеатр во заедничко семејство со осигуреникот.

5. Колективно осигурување на лица од последица на несреќен случај на скијачи на жичара и ски лифт

Р.бр	Предмет на осигурување	Сума на осигурување	Премија за 1 тикет (мкд)	Премија за скијачи (мкд)
1.	Траен инвалидитет	400.000,00		
2.	Смрт од незгода	200.000,00		
3.	Оштетување или уништување на предмети	6.000,00		

6. Колективно осигурување на гости и посетители во сместувачки капацитети на друштвото од последица на несреќен случај

Р.бр	Предмет на осигурување	Број на планирани ноќевања за 1 година	Премија
1.	Гости во Хотел Молика од последица на смрт од незгода и делумент инвалидитет	7000	

7. Потполно каско осигурување на работно возило ратрак со вклучен ризик кражба, разбојништво и противправно одземање на возилото во сите Европски земји без франшиза.

Потполно каско осигурување со покриени ризици:
- сообраќајна незгода,
- пожар,
- удар од гром,
- луња,
- снежна лавина,
- паѓање на воздушни летала,
- злонамерни постапки или обест на трети лица,
- паѓање на некој или удар од некој предмет (освен кај работните машини,доколку за истите не е платено премија за осигурување од кршење),
- ненадејно надворешно термичко или хемиско дејство,
- експлозија,
- намерно предизвикување на штета на осигуреният предмет со цел да се спречи поголема штета на тој или друг предмет или на лица,
- град,
- манифестации,
- демонстрации и кражба
- кршење на стакло без франшиза при прва штета

Реден број	Вид, тип и модел на возило	Година на прозиводство	Новонабавна вредност со ДДВ	Премија за каско без франшиза
1	Ратракт PISTEN BULLI 600 POLAR GW1089 Шасијабр. WKU5826MABL011500	2012	**6.525.575,00**	

Лот 2: Колективно осигурување од живот – смрт од болест

Р.бр	Предмет на осигурување	Сума на осигурување
1.	Смрт од болест	100.000,00
	Месечна премија по вработен	

Просечна старост на вработени е 45 години

ИЗЈ АВА

Под целосна материјална и кривична одговорност изјавувам дека понудувачот _____ Воцелост ги исполнува критериумите за утврдување на личната и професионалната состојба на понудувачите утврдени во Поканата и условите наведени во Поканата за прибирање на понуди 05-392/3од 29.02.2024 година, за набавка на услуги за осигурување и дека понудувачот ги има на располагање сите документи утврдени во Поканата за докажување на исполнувањето на овие критериуми,кои ќе му бидат доставени на Набавувачот доколку нашата понуда ќе биде избрана за најповолна во однос на наведените критериуми и прифатливи барања.

Местоидатум

Одговорно лице

(потпис)

*Оваа изјава може да биде потпишана и од лице овластено од одговорното лице